**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**30.06.2021 год.**<br>**БРОЈ 6 ГОДИНА 56** |


**С О Д Р Ж И Н А**


| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Заклучок за усвојување информација за PEFA Анализа ЕЛС Општина Охрид 2021 - извештај за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност | **2** |
| **2.** | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти | **3** |
| **3.** | Одлука за давање согласност на статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Св.Климент Охридски“ – Охрид | **4** |
| **4.** | Одлука за давање согласност на измените на годишниот план за вработување на општина Охрид за 2021 година | **5** |
| **5.** | Одлука за ослободување од плаќање надомест за користење јавен паркинг простор на подрачјето на општина Охрид | **6** |
| **6.** | Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2021 година | **7** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ ИНФОРМАЦИЈА ЗА PEFA АНАЛИЗА ЕЛС ОПШТИНА ОХРИД 2021 - ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНКА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ И ФИНАНСИСКАТА ОДГОВОРНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучок за усвојување информација за PEFA Анализа ЕЛС Општина Охрид 2021 - извештај за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година.

**Број 09-6438/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ ИНФОРМАЦИЈА ЗА PEFA АНАЛИЗА ЕЛС ОПШТИНА ОХРИД 2021 – ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНКА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ И ФИНАНСИСКАТА ОДГОВОРНОСТ**

**Член 1**

Се усвојува Информацијата за PEFA Анализата ЕЛС Општина Охрид 2021 – Извештај за оценка на перформансите на јавните расходи и финансиската одговорност, во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза на имплементација“, а имплементиран од UNDP во соработка со Здружението на финансиските работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08- 6438/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година.

**Број 09-6438/10**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 23 став 1 точка 3 и 4 и став 3 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр.62/04, 89/08, 115/10 и 53/11), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**Член 1**

Се продолжува работното време на угостителските објекти за и без исхрана, без оглед на видот на угостителските услуги, за 1 час во деновите:

- 02, 03, 09, 10, 16, 17, 23, 24, 30, и 31.07.2021 година,
- 01, 02, 06, 07, 13, 14, 20, 21, 27 и 28.08.2021 година,
- 07.09.2021 година,
- 10 и 22.10.2021 година,
- 07.12.2021 година.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката на Советот на општина Охрид бр.08-8433/18 од 10.06.2019 година.

**Член 3**

Се задолжува општинскиот инспекторат согласно Законот за заштита од бучава во животната средина, да врши континуирано мерење на бучавоста од угостителските објекти и доколку истите не се придржуваат до законски дозволената гранична вредност да следуваат прекршочни санкции согласно Закон.

Се задолжуваат угостителите на угостителските објекти да се придржуваат кон одредбите на Законот за заштита од бучава во животната средина.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6438/4**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Св.Климент Охридски“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година.

**Број 09-6438/11**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид бр.02- 205/2 од 15.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6438/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНИТЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на измените на годишниот план за вработување на општина Охрид за 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година.

**Број 09-6438/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.06.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНИТЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на измените на Годишниот План за вработување за 2021 година во Општина Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6438/6**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ЈАВЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за ослободување од плаќање надомест за користење јавен паркинг простор на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година.

**Број 09-6438/13**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ЈАВЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука сите возила со регистарски ознаки на Република Србија и сите возила со регистарски ознаки на Република Турција СЕ ОСЛОБОДУВААТ од обврска за плаќање надомест за користење јавен паркинг простор во сите зони на подрачјето на општина Охрид, освен за користење на јавен паркинг простор во Премиум зона, и тоа за период од 01.07.2021 до 31.08.2021 година.

**Член 2**

СЕ ЗАДОЛЖУВА ЈП„Билјанини извори“ – Охрид, како субјект кој стопанисува со јавните паркинг простори на подрачјето на општина Охрид, да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6438/7**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година.

**Број 09-6438/14**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.06.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Охрид за 2021 година на следниот начин:

| Програма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **FA0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 425940 Рушење на објекти | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464910 Плаќање по судски решенија | -1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Предлог измените и дополнувањата во наведената Програма стануваат составен дел на буџетот на Општина Охрид за 2021 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6438/8**
**30.06.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**